СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1147/2022
Дата...17-06-2022

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на **Министерство за транспорт и врслки** се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на локална станица за управување со отпад – претоварна станица во КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица.**

**Предметната локација се наоѓа на дел од КП 2650/2, дел од КП 2652/1, дел од КП 2650/1 и дел од КП 2648/3 во КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица.**

Вкупната површина на предметниот опфат изнесува 0,78 ha.

Површината за која се издаваат овие Услови за планирање на просторот изнесува 0.26 ha.

Останатиот дел навлегува во веќе издадени Услови за планирање на просторот за изработка на ГУП на град Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица, со тех. бр. Y22114.

Планираниот опфат граничи со веќе издадени Услови за планирање на просторот за изработка на УПВНМ за стопански комплекс со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта на локалитет со површина од 9,8 ha на м.в. Бачиште, КО Македонска Каменица и КО Луковци во Општина Македонска Каменица, со тех. бр. Y00912.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согладсност со Просторниот план на Република Македонија.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех.бр. У25622 се составен дел на Решението.

3. Услови за планирање на просторот за изградба на локална станица за управување со отпад – претоварна станица во КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица. Предметната локација се наоѓа на дел од КП 2650/2, дел од КП 2652/1, дел од КП 2650/1 и дел од КП 2648/3 во КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на предметната документација за изградба на локална станица за управување со отпад – претоварна станица во КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица. Предметната локација се наоѓа на дел од КП 2650/2, дел од КП 2652/1, дел од КП 2650/1 и дел од КП 2648/3 во КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk